Estima
Knowledge Excellence.

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# Разбирање на алатките, наративите и влијанието на кинеската „мека моќ” во Северна Македонија

Ана Крстиновска



© Shutterstock

www.kas.de

# СОДРЖИНА


ВОВЕД 2

Истражувачки контекст и цели ..... 2
Истражувачка рамка ..... 3
Методологија ..... 3

КОНЦЕПТОТ НА МЕКА МОЌ 4

Мека моќ како „производ“ на западниот свет ..... 4
Мека моќ - „кинескиот начин“ ..... 5

ВЛИЈАНИЕТО НА КИНЕСКАТА МЕКА МОЌ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АЛАТКИ И ТАКТИКИ: РАЗВОЈ И ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА 7

Управување со вести: кога кинеската пропаганда ги среќава западните медиуми ..... 7
Стратешко испраќање пораки: фокус на традиционалната кинеска култура ..... 8
Градење односи: Институтот Конфуциј и патувања во Кина во преден план ..... 8

НАРАТИВИ: ЕКОНОМСКИТЕ ПРИДОБИВКИ И КУЛТУРАТА „ОСВОЈУВААТ СРЦА И УМОВИ“ 11

Бизнис и трговија ..... 11
Управување ..... 11
Меѓународни односи ..... 11
Култура и наследство ..... 11
Медиуми и комуникации ..... 12
Образование и наука ..... 12
Луѓе и вредности ..... 12

ВЛИЈАНИЕ: ГРАДЕЊЕ РЕПУТАЦИЈА И ВЛИЈАТЕЛНОСТ ВРЗ СЕЛЕКТИВНИ ИНФОРМАЦИИ 13

Запознатост ..... 13
Репутација ..... 13
Влијателност ..... 13

ЗАКЛУЧОЦИ 15

РЕФЕРЕНЦИ 16

# Разбирање на алатките, наративите и влијанието на кинеската „мека моќ“ во Северна Македонија

*"Водата е течна, мека и попустлива. Но водата ќе ја излити карпата, која е цврста и непопустлива. По правило, што и да е течно, меко и попустливо ќе го надмине сѐ она што е цврсто и тврдо. Ова е уште еден парадокс: она што е меко е силно."*
*— Лао Це (2003:177)*

## ВОВЕД

### Истражувачки контекст и цели

Во 2022 година, Кина го постигна својот најдобар резултат во Глобалниот индекс на мека моќ,[1] искачувајќи се на 4то место во генералниот пласман (по САД, Велика Британија и Германија) и престигнувајќи ја Јапонија како највисоко рангирана земја во Азија. Според овој индекс, Кина се рангира на 4то место за запознатост, 2ро за влијателност и има посебно добри резултати во столбот Бизнис и трговија, каде се рангира на 1во место, пред САД, Германија и Јапонија. Начинот на кој Кина се справи со пандемијата на КОВИД-19, во комбинација со нејзините донации на медицинска опрема, материјали и вакцини за други земји, секако, придонесе за овој резултат.[2]

И покрај очигледниот раст на кинеската мека моќ во светот, во Северна Македонија недостасува детална анализа на меката моќ на НР Кина, нејзините специфични алатки и влијание. Наместо тоа, постојните истражувања во земјата ги следат регионалните трендови за фокусирање на кинеската економска дипломатија и обично не се засноваат на оригинални, емпириски податоци, туку на секундарна литература. Последниве години е забележан пораст на бројот на испитувања на јавното мислење кои вклучуваат посебно/а прашање/а за Кина во обид да се разберат перцепциите на граѓаните. Таквиот пристап може да обезбеди основен увид во општото мислење и показател дали на Кина се гледа позитивно или се смета дека е пријателска земја. Меѓутоа, тој не ги зема предвид различните димензии на кинеското присуство и активности (економски, политички, културни, образовни итн.), нијансите кои потенцијално постојат во мислењата на "елитите" наспроти "општата јавност" и не навлегува во основните причини зад резултатите, со што претставува слика која е премногу поедноставена.

Северна Македонија не бележи особени придобивки од економската соработка со Кина во форма на значаен извоз или директни инвестиции. Сепак, неодамнешните истражувања за присуството и прикажувањето на Кина во медиумите покажаа дека влијанието на Кина во Северна Македонија е доста силно, рангирајќи се на 3то место меѓу 17 земји во Централна и Источна Европа (ЦИЕ), зад Србија и Бугарија, и покрај фактот дека Кина инвестира многу помалку ресурси во Северна Македонија во споредба со другите земји.[3] Ваквиот исход изискува подлабок увид во меката моќ на Кина како една од главните алатки со кои таа располага за обликување на перцепциите, како и во специфичните стратегии кои се користат за таргетирање на различни групи, особено оние кои имаат влијание врз политичките процеси и јавното мислење.

Во таков контекст, ова истражување има за цел да обезбеди нијансирани и детални сознанија за кинеската мека моќ во Северна Македонија преку разгледување на:

- алатките и тактиките кои се користат од различни кинески чинители за да допрат до различни целни групи;
- целите кон кои тие чинители се стремат и/или ги остваруваат;

- главните наративи за обликување на перцепциите, и

- влијанието што го постигнуваат тактиките и наративите.

Со цел да се олесни разбирањето на кинеските активности во поширок контекст, првото поглавје има за цел да го расветли концептот на мека моќ воопшто, како и неговото значење и импликации во глобалната надворешна политика на Кина. Второто поглавје се фокусира конкретно на македонскиот контекст, а последното извлекува заклучоци и ги идентификува импликациите во однос на јавните политики.

## Истражувачка рамка

За таа цел, првиот дел од истражувањето е структуриран врз основа на трите димензии на јавната дипломатија на Марк Леонард.[4] Алатките и тактиките идентификувани во присуството на кинеската мека моќ во Северна Македонија се категоризирани според овие димензии, почнувајќи од краткорочниот до долгорочниот ефект во обликувањето на перцепциите и зајакнувањето на влијанието.

Првата и најнепосредна димензија се дневните комуникации, кои вклучуваат објаснување на контекстот на одлуките во домашната и надворешната политика. Оваа димензија врамена како **управување со вести** исто така вклучува справување со кризи и спротивставување на напади, па оттука се наложува мобилизација на „капацитет за брза реакција“. Втората димензија, која наликува на политички или рекламни кампањи за подобрување на перцепцијата на пошироката јавност или целните групи, е **испраќањето стратешки пораки.** Тоа опфаќа однапред планирани активности, настани и комуникација на среден рок за зајакнување на некои симболични (на пр. културни) теми или за промовирање на одредена владина политика. Третата димензија која се одвива на долг рок е **градење трајни односи** со клучни поединци преку стипендии, размени, обуки, семинари, конференции итн.

Вториот дел од истражувањето е структуриран според седумте категории кои се мерат во рамки на Глобалниот индекс на мека моќ. Тоа овозможува да се идентификуваат и тестираат главните наративи, како и да се измери степенот во кој тие наративи наоѓаат одзив во јавното мислење. Седумте категории вклучуваат:

1. Бизнис и трговија
2. Управување
3. Меѓународни односи
4. Култура и наследство
5. Медиуми и комуникации
6. Образование и наука
7. Луѓе и вредности

На крај, третиот дел ги оценува исходот и ефикасноста на кинеските стратегии за подобрување на информираноста и знаењето на македонските граѓани поврзано со Кина, репутацијата на Кина во Северна Македонија и перцепцијата за влијанието што го постигнува.

## Методологија

Истражувањето е спроведено преку комбинација на квалитативни и квантитативни истражувачки методи. Првата фаза од собирањето на податоците вклучуваше канцелариско истражување, имено преглед на секундарната литература за кинеската мека моќ, како и примарни извори, фокусирајќи се првенствено на кинеските стратешки документи и кинеското официјално присуство во Северна Македонија (претежно преку изјавите и Фејсбук профилот на кинеската амбасада). Втората фаза вклучуваше собирање на примарни податоци за перцепциите на целните групи на чинители: претставници на академската заедница, невладините организации (НВО), медиумите, бизнис заедницата, политичарите и националните институции, кои се сметаат за чинители со значително влијание во заедницата, како и пошироката јавност. За таа цел беа користени три различни алатки и техники:

(i) **Полуструктурирани интервјуа** со однапред избрани поединци (на пр. директори на големи невладини организации и медиумски здруженија, политичари, универзитетски професори);

(ii) **Фокус групи** – една со претставници на горенаведените целни групи кои не биле изложени на кинески алатки за мека моќ, како

што се обуки во Кина, стипендии, финансирање преку различни средства (истражување, проекти итн.) и една со претставници кои имале директно искуство преку патување во Кина за различни цели и соработка со кинески чинители. Истиот сет на прашања беше поставен во двете фокус групи со цел да се овозможи споредливост на одговорите.

(iii) **Анкетен прашалник** (на македонски и албански јазик) насочен кон пошироката јавност со цел да се измери степенот во кој идентификуваните клучни пораки кои Кина би сакала да ги наметне имаат одзив кај општата јавност во Северна Македонија. За таа цел, истражувањето се состоеше од изјави кои ги мерат и аспектите на запознатост, репутација и влијание во седумте идентификувани области.

Третата фаза од истражувањето се состоеше од квантитативна и квалитативна анализа на собраните податоци, користејќи го SPSS софтверот за одговорите од анкетниот прашалник и теоријата на индуктивно расудување[5] за анализа на податоците од интервјуата и фокус групите.

## КОНЦЕПТОТ НА МЕКА МОЌ

### Мека моќ како „производ“ на западниот свет?

Научникот кој го разви терминот „мека моќ“, Џозеф С. Нај Џуниор, тврдеше дека „привлечноста на културата, политичките вредности и надворешната политика на една нација ќе биде повлијателна врз нејзиниот однос со други нации отколку бројот на балистички проектили со кои таа располага“.[6] Тој сметал дека меката моќ не треба да се набљудува изолирано од „тврдата“ воена или економска моќ, туку како дополнителен алатник кој ја нагласува важноста на кооптација и убедување, наместо присила во односите меѓу државите.[7] Оттогаш, се чини дека постои консензус меѓу научниците дека „надворешната политика заснована на комбинирана употреба на тврда и мека моќ може да даде супериорни резултати во однос на онаа која се потпира исклучиво на еден или друг вид моќ“.[8]

„Ако една држава може да направи нејзината моќ да изгледа легитимна во очите на другите, ќе наиде на помал отпор кон нејзината надворешна политика; ако културата и идеологијата на една држава изгледаат привлечни, сојузниците ќе бидат подготвени да ја следат, наместо да им биде наредено да го прават тоа; и ако државата може да воспостави меѓународни норми во согласност со сопственото општество, нема да биде задолжена да го менува своето однесување“.[9] Според Нај, меката моќ на земјата доаѓа првенствено од три извори: нејзината култура; нејзините политички вредности, како што се демократијата и човековите права, кога тие доследно се применуваат; и нејзините политики.[10]

Сепак, еден од „недостатоците“ на меката моќ е поврзан со долгата временска рамка потребна за постигнување на посакуваните ефекти и резултати.[11] Покрај тоа, многу од нејзините клучни ресурси се надвор од контролата на владите, особено во демократските општества. Невладините актери, како што се претпријатија, универзитети, фондации, верски институции и протестни движења поседуваат различни степени на мека моќ, која понекогаш ги зајакнува официјалните цели на надворешната политика, а понекогаш ги поткопува.[12]

## Мека моќ – „кинескиот начин“

Додека модерниот концепт на мека моќ обично се поврзува со делата на Нај, идеи слични со различни аспекти на она што денес е познато како мека моќ можат да се проследат наназад до древните кинески филозофи. Во таоистичката класика Дао Де Џинг ( 道德经), напишана помеѓу 6ти и 4ти век п.н.е., Лао Це ја отфрла моќта на армиите и оружјето и вели дека најдобрите владетели применуваат моќ индиректно и лесно.[13] Уметноста на војната на Сун Це исто така учи како меката моќ се комбинира со тврдата моќ за да даде поволни резултати за државата: „Оттука, да се бориш и да победуваш во сите свои битки не е врвно совршенство; врвното совршенство се состои во кршење на отпорот на непријателот без борба“.[14]

Во античките времиња, Кина се гледала себеси како центар на светот (Средно Кралство е преводот на нејзиното кинеско име - 中国). Во честите периоди на супериорност во Источна Азија, Кина ги сметала соседните земји за вазални држави и очекувала од нив да му оддадат почит на кинескиот император, додека остатокот од светот се сметал за варварски.  Убедени дека супериорноста на кинеската култура и норми ги прави привлечни за странци, кинеските династии низ историјата често верувале дека не мора да се применуваат принудни мерки за да се изгради влијание. Наместо тоа, тие ги користеле трговските патишта, како што е древниот Пат на свилата, за да го шират кинеското културно влијание и цивилизациските вредности.[15] Два конфуцијански концепти го обликувале древното кинеско размислување за влијанието: „привлечност“ ( 吸引力 ), и „харизма“ ( 感召力 ).[16]  Ако брзо премотаме напред стотици години, Новиот пат на свилата, преку иницијативата Појас и пат (BRI) ( 一帶一路 ) и концептот на Заедница со споделена иднина за човештвото ( 人类命运共同体 ), имаат за цел да придонесат за повторно заживување на кинеската визија за меѓународно општество.

Првичните заслуги за воскреснувањето на концептот на мека моќ во кинескиот политички дискурс треба да му се припишат на претседателот Ху Џинтао и неговиот говор на 17тиот Национален конгрес на Кинеската комунистичка партија (ККП) во 2007.[17] На следниот конгрес во 2012 година, наследникот на Ху, претседателот Си Џинпинг посвети цела пленарна сесија на „Културната мека моќ“ (文化软实力).[18] Во 2014 година претседателот Си истакна: „Треба да ја зголемиме меката културна моќ на Кина, да дадеме добар кинески наратив и подобро да ги пренесеме пораките на Кина до светот.“ [19] На следниот 19ти Конгрес, тој вети дека ќе понуди „кинеска мудрост и кинески пристап за решавање на проблемите на човештвото“ како „нова опција за други земји и нации кои сакаат да го забрзаат својот развој додека ја зачувуваат својата независност“.[20]

Научниот концепт на мека моќ во Кина делумно се разви како реакција на идеите на Нај, кои се сметаа за „американско оружје кое може да се искористи за инфилтрирање на западните идеи во Кина за да се урне режимот“.[21] Потоа, се развија три главни школи: Културната школа или Шангајската школа чии приврзаници сметаат дека прекуокеанските кампањи за мека моќ на Кина треба да се фокусираат на интензивно промовирање на кинеската култура за подобрување на глобалната „привлечност“ и „харизма“ на Пекинг, и се залагаат за брзо ширење на Конфуциј институтите низ целиот свет; Политичката школа чии поборници (најмногу Јен Суедонг) тврдат дека нерамнотежата помеѓу огромната материјална моќ на Кина и нејзината мека моќ може да ги попречи напорите за градење вистински пријателства, оттука Кина треба да ја фокусира својата мека моќ на зајакнување на прекуокеанската солидарност, градење на хармонично општество дома и реформирање на своите социјални институции; најновата школа, која ја поддржува идејата дека меката моќ на Кина треба да се фокусира на целта за трансформација на структурите на сегашниот меѓународен систем за да се овозможи повторното изникнување на Кина како голема моќ (世界强国) и ја изнесува идејата дека кинеските модели и норми нудат одржливи алтернативи за Западот.[22] Последната школа во голема мера го носи отпечатокот на сегашниот кинески пристап и размислувањата на Си Џинпинг за дипломатијата.

Имено, во последните години Кина вложува невидени напори да го зајакне своето глобално присуство, да ги легитимира и поддржи сопствените ставови за меѓународниот поредок

и да го промовира својот модел на управување и развој како алтернатива на западните либерални демократии. За таа цел и со оглед на нејзината предност на високо централизирана и авторитарна партија-држава, Кина спроведува усогласена стратегија која се протега низ сите сектори и вклучува различни актери. Покрај централната влада и нејзините институции, различни провинции и општини, медиуми, истражувачки институти, универзитети, државни и приватни компании активно се вклучија во „добро раскажување на кинеската приказна“, со цел да се намали „дисонанцата“ која повремено се јавува во демократските општества, понекогаш на штета на привлечноста на меката моќ.

Најновиот Патоказ за промоција на кинеската мека моќ објавен во јули 2022 година има за цел да го прошири кинеското глобално влијание преку надворешната културна трговија користејќи различни алатки и методи: извоз на ликовна уметност и литература, радио и телевизиски програми, филмски (ко)продукции, изведувачки уметности, видео игри итн.[23] Тој исто така предвидува подобрување на политиките и државна поддршка за културниот извоз и инвестиции во странство, интернационализација на кинеските стандарди и активно учество во формулирањето на глобалните правила и стандарди. Овој пристап се чини дека има за цел да ги отстрани слабостите на Кина во проекцијата на меката моќ, особено кога станува збор за промовирањето на модерната кинеска култура.

*Image source: Unsplash. Photo credit: Denise Bossart.*



Според претходните истражувања и во согласност со глобалните тенденции, кинеската мека моќ во Југоисточна Европа не се заснова на привлечноста на нејзината култура. Според Тончев, таа “не се мери со блокбастер филмови, туку со привлечноста на нејзините економски достигнувања. Клучниот фактор за влијанието на Пекинг е очекувањето дека Кина може да му помогне на регионот да излезе од неразвиеноста и да ги стигне напредните европски економии.“ [24] Во контекст на ограничениот економски ангажман и видливи резултати од економската соработка, Вангели понатаму забележува дека „не е толку материјалното влијание на соработката, туку чувството на можност што Кина го инспирира“.[25]

## Влијанието на кинеската мека моќ во Северна Македонија

### Алатки и тактики: развој и диверзификација

***Управување со вести: кога кинеската пропаганда ги среќава западните медиуми***

Кина има многу развиена мрежа на традиционални медиуми кои емитуваат и нудат содржини на англиски и голем број локални јазици. Најистакнати се Синхуа (Xinhua) – националната новинска агенција, Кина денес (China Daily), Кинеската глобална телевизиска мрежа (China Global Television Network - CGTN, претходно меѓународниот канал на CCTV), Кинеското меѓународно радио (China Radio International - CRI) и Глобални времиња (Global Times, англискиот таблоид на Народен весник - People's Daily, главниот весник на ККП). Сепак, тие не емитуваат на македонски јазик и не се достапни со користење на вообичаените кабелски или дигитални пакети за претплата што ги нудат македонските даватели на услуги. Додека CRI емитува на албански и српски јазик, јазици кои ги разбираат македонските и/или албанските говорници во земјата, нема индиции дека македонските граѓани ја следат нивната програма.

Иако некои домашни медиуми имаат тенденција да објавуваат повеќе вести и информации за Кина од други, не постојат конкретни докази за директно кинеско влијание во форма на финансирање или преку сопственичката структура. Сепак, некои медиуми и особено онлајн портали имаат тенденција да објавуваат статии и колумни потпишани од кинескиот амбасадор, кои ги шират политиките и позициите на Кина за клучните актуелни прашања, како што се пандемијата, Синџианг, Хонгконг итн.

Кога станува збор за социјалните медиуми, мрежите кои во голема мера се користат во Кина се практично непознати во Северна Македонија (Weibo, Wechat итн.), со исклучок на луѓето кои живееле во Кина или соработувале со кинески чинители. Додека глобално користените платформи за социјални медиуми, како што се Фејсбук и Твитер, се забранети во Кина, кинеските чинители кои работат во странство знаат како да ги користат. Кинеската амбасада во Скопје ја отвори својата страна на Фејсбук во ноември 2019 година, додека Институтот Конфуциј се приклучи на Фејсбук уште во 2013 година. Додека Институтот објавува на македонски јазик, потенцијално зголемувајќи го својот опфат, неговите постови се ограничени на сопствените активности и културни теми (кинески фестивали, кујна, чајни ритуали итн.) Досега нема никакви контроверзии поврзани со активностите на Институтот Конфуциј во Северна Македонија, за разлика од многу земји од Западна и Централна Европа.

Амбасадата, од друга страна, објавува на англиски јазик и опфаќа неограничен спектар на теми, почнувајќи од нејзините активности во Северна Македонија (посети и средби на амбасадорот, донации итн.), информации кои ги истакнуваат убавините и достигнувањата на Кина, до глобални теми од интерес за Кина, па дури и прашања кои навидум не се поврзани со билатералните односи (пр. посетата на спикерката Пелоси на Тајван, отворањето на тајванска канцеларија во Литванија, посетата на кинескиот министер за надворешни работи на Пакистан итн).

Интересно е да се напомене дека иако на глобално ниво, во многу западни земји, Кина се впушта во т.н. „дипломатија на воинот волк“, како што се гледа на пример во Шведска или Франција, кинеските дипломати во Северна Македонија во голема мера се воздржуваат од користење на конфронтирачка реторика,[26] и покрај различните позиции на Северна Македонија за одредени теми од клучен интерес за Кина и македонското усогласување со стратешките партнери – НАТО и ЕУ. Најсилната јавна реакција на Амбасадата досега беше објавена по потпишувањето на Меморандумот меѓу Северна Македонија и САД за соработка во Иницијативата за чиста мрежа на 5G технологии во октомври 2020 година.[27] Сепак, гневот се чинеше дека е целосно насочен кон изјавата на американскиот висок претставник, иако македонскиот премиер повтори слични забелешки, но на поприкриен начин, не споменувајќи ја директно Кина.[28]

***Стратешко испраќање пораки: фокус на традиционалната кинеска култура***

Една од фокусните точки на стратешките пораки на Кина во Северна Македонија е несомнено кинеската култура. Нема редовни, туку повторливи гостувања на кинески уметници на фестивали и други пригоди во различни културни области: пеење и танцување, рецитали на пијано, театарски претстави итн. Дел од настаните досега беа организирани во рамки на соработката меѓу Кина и ЦИЕ, како дел од регионални тури, дел од нив од страна на Институтот Конфуциј во Скопје, а други во рамки на партнерствата меѓу збратимени општини (пр. Скопје и Нанчанг, Битола и Нингбо и др.) Интересно е да се напомене дека повеќето од културните настани се тематски фокусирани на кинеската традиционална култура, додека современата кинеска култура останува недоволно застапена.

Тоа е случај и кога станува збор за преводот на книги на македонски јазик, активност која последниве години добива на интензитет. Имено, од 1978 година на македонски јазик се објавени вкупно 90 кинески наслови, од кои 50 само од почетокот на 2018 година, а половина од нив - детски книги.[29] Некои од преводите се објавени во соработка со издавачката куќа „Делфин книги“, со седиште во Пекинг, подружница на Кинеската меѓународна издавачка група (China International Publishing Group), која е во сопственост на ККП.[30]

Паралелно со традиционалната цивилизација, модерна Кина е претставена преку телевизиската емисија Ни Хао, која се емитува два пати месечно на Телма, телевизиска станица со национална покриеност. Емисијата, која е спонзорирана од Кинеската амбасада, си ја поставува целта „да ја претстави Кина онаква каква што е“, „да го покаже вистинското значење на Кина“ и „тоа што Кина му го даде на светот во секој контекст“ – архитектура, филозофија, технологија, мода, медицина итн.[31] Понатаму, во 2021 година, Кинеската амбасада го спонзорираше објавувањето на книга „Дигитална трансформација: Иднината“, која ја претставува Кина како глобален дигитален лидер и пример којшто Северна Македонија треба да го следи.

Покрај кинеските државни субјекти, некои кинески компании присутни во земјата, исто така, се вклучени во стратешките пораки со цел да го промовираат сопствениот бренд и да го подобрат пазарниот удел. Индиректно, тие помагаат да се прикаже современа Кина како напредна земја, со технолошка моќ и висококвалитетни производи, разбивајќи го стереотипот за кинеската стока како евтина и со низок квалитет. Хуавеј е најистакнатиот пример за ваква проекција на мека моќ од страна на кинеските компании. Покрај присуството на пазарот на мало и во јавните набавки (пр. информатичка опрема за училиштата), Хуавеј остави отпечаток преку своите маркетинг активности, како што се роуд-шоуа и изложби на напредни технологии, како и корпоративната општествена одговорност.[32]

***Градење односи: Институтот Конфуциј и патувања во Кина во преден план***

Веројатно најважната и долгорочна стратегија за зацврстување на кинеската мека моќ во Северна Македонија е отворањето на Институтот Конфуциј во Скопје, на најстариот и најреномиран јавен универзитет, Св. Кирил и Методиј во 2013 година. Институтот обезбедува бесплатни часови по кинески јазик за најразлична публика, почнувајќи од деца од предучилишна возраст до возрасни, вклучувајќи студенти, професионалци од различни компании кои работат со Кина (пр. најголемата винарија Тиквеш) и државни службеници. Бројот на ученици се зголеми од 60 во текот на првата година, на 562 во академската 2020-2021 година, паралелно со отворањето на Конфуциј училници во различни градови низ целата земја.[33]

Освен тоа, Кина обезбедува стипендии за македонските студенти повеќе од 20 години. Првично почнувајќи од 1-2, во моментов бројот на стипендии достигнува приближно 10 годишно и, според зборовите на претставник од Министерството за образование, тие секогаш се искористуваат. Стипендиите се обезбедуваат во соработка помеѓу македонското Министерство за образование и наука и кинеското Министерство за образование, поточно Кинескиот совет за стипендии. Повремено, кинеското Министерство за трговија или Институтот Конфуциј даваат дополнителни можности за студирање или патување во Кина.

Една од нив е програмата за развој на човечки ресурси во рамки на билатералната развојна соработка раководена од Секретаријатот за

европски прашања во македонската Влада, која нуди обука во Кина. Програмата е насочена претежно кон државните службеници, но повремено уредници, новинари, претставници на стопанските комори и универзитетите, исто така, се поканети да ја посетат Кина во текот на 2-3 недели. Некои од корисниците на програмата понатаму добиваат работни места со високо ниво на одговорност, како што е случајот со најмалку двајца пратеници избрани во Парламентот во 2020 година. Како што сведочат корисниците на ваквите обуки, формалните аспекти на наставата не се многу атрактивни, но „споредното искуство“ од посетата, кое обично вклучува приказ на најубавите глетки и пејзажи во Кина, кулинарските искуства и технолошкиот напредок, остава длабоко влијание.

*Image source: Unsplash. Photo credit: William Olivieri.*



Во последниве години Кина стана поактивна во реализацијата на заеднички истражувачки проекти, до тој степен што денес Северна Македонија има повеќе вакви билатерални проекти со Кина отколку со која било друга земја во светот (вкупно 40 во последните 5 години).[34] Проектите се финансирани во рамките на програмата за билатерална соработка врз основа на Меморандум за заедничко финансирање на проекти, истражување и развој потпишан од страна на министерствата за образование на двете земји. Земјоделството, информатичката технологија, нанотехнологијата и земјотресното инженерство се некои од приоритетните области.[35] Покрај тоа, заеднички истражувачки проекти во областа на општествените науки се спонзорирани од Институтот за Кина и ЦИЕ, огранок на Кинеската академија за општествени науки (КАС) со седиште во Будимпешта, кој се фокусира на соработката помеѓу Кина и земјите од ЦИЕ.

Различни кинески чинители соработуваат со македонски колеги во рамки на различни настани со цел истражување на ад-хок можности. Некои од позначајните примери се соработката помеѓу Сојузот на стопански комори и различни кинески партнери (Кинеската федерација за индустрија и трговија - All-China Federation of Industry and Commerce, Кинескиот центар за надворешна трговија - China Foreign Trade Center, Центарот за изложба и промоција на соработката со ЦИЕ во Нингбо итн.); соработката помеѓу Македонската академија на науките и уметностите и КАС која резултираше со организирање на 5тиот тинк-тенк симпозиум на високо ниво во Скопје во 2018 година; или соработката помеѓу Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Кинеското народно здружение за пријателство со странски земји (КПДФК) кое ги постави темелите за интензивирање на воспоставувањето на партнерства меѓу збратимени општини.

Трите димензии на присуството на меката моќ на Кина во Северна Македонија се сумирани во следната табела:

| КАТЕГОРИЈА | АЛАТКИ И ТАКТИКИ | ЦЕЛИ |
|---|---|---|
| ***Управување со вести*** | Традиционални медиуми - колумни и статии од кинескиот амбасадор во избрани печатени и онлајн медиуми и портали (пр. Македонска информативна агенција, Нова Македонија, Вечер, Премин, Антропол, Опсервер).<br>Социјални медиуми – Фејсбук (пр. страна на Кинеската амбасада). | Одговарање на 24-часовниот циклус вести<br><br>Управување со кризи<br><br>(Позитивно) засилување на вестите и информациите |
| ***Испраќање стратешки пораки*** | Културна понуда - преку културната соработка Кина-ЦИЕ, во рамки на соработката на збратимените градови или преку активностите на Институтот Конфуциј.<br><br>Превод и објавување на книги.<br><br>ТВ емисии (пр. Ни хао).<br><br>Активности на кинеските компании (пр. Хуавеј). | Промоција на кинеската култура<br><br>Градење репутација и имиџ<br><br>Дисеминација на официјалните позиции и пропаганда на Кина<br><br>Промоција на кинески брендови и производи |
| ***Градење односи*** | Активности на Институтот Конфуциј<br><br>Стипендии – во соработка помеѓу министерствата за образование, повремено преку кинеското Министерство за трговија.<br><br>Обуки преку програмата за развој на човечки ресурси во рамки на билатералната развојна соработка.<br><br>Истражувачки проекти – имплементирани заеднички во рамките на програмата за билатерална соработка или спонзорирани од Институтот за Кина и ЦИЕ.<br><br>Меморандуми за разбирање и договори за соработка.<br><br>Соработка преку разни настани - конференции, саеми и сл. | Соработка со различни чинители – креатори на политики, политички партии, бизнис комори, академии, невладини организации за градење на долгорочни партнерства. |

## НАРАТИВИ: ЕКОНОМСКИТЕ ПРИДОБИВКИ И КУЛТУРАТА „ОСВОЈУВААТ СРЦА И УМОВИ“

Анализата на содржините што се пренесуваат со користење на горенаведените алатки и тактики кои се користат за унапредување на кинеската мека моќ во Северна Македонија послужи за формулирање на 24 изјави кои беа дискутирани со македонските граѓани, со цел да се испита до кој степен овие наративи имаат одзив кај целната публика. Анкетирани беа вкупно 163 испитаници, 135 преку електронски прашалник дисеминиран во јуни и јули 2022 година, 20 преку фокус групи и 8 преку полуструктурирани интервјуа. Перцепциите и мислењата на испитаниците беа кодирани и категоризирани во 7 тематски области претставени подолу.

Следниот графички приказ ги сумира најчестите асоцијации на македонските граѓани кога станува збор за Кина. Додека економските и технолошките концепти доминираат, културните и историските поими следат.




### *Бизнис и трговија*

Бизнисот, трговијата, инвестициите и други економски теми се првата асоцијација која им паѓа на памет на македонските граѓани кога се зборува за Кина. Кина главно ужива позитивна репутација, нејзината економија се смета за силна и стабилна, со силен потенцијал да продолжи да расте и да се развива во иднина. Кинеските брендови и производи се широко прифатени и барани на пазарот, особено со оглед на нивната ценовна достапност, иако постојат сомнежи во врска со нивниот квалитет. Кина се смета за глобална економска сила и инвестициска можност за Северна Македонија, иако на деловно ниво се смета за донекаде опортунистички играч.

### *Управување*

Во поглед на управувањето, сликата е прилично нијансирана. Фактот дека Кина е недемократска, еднопартиска, авторитарна држава се гледа во многу негативно светло. Се верува дека владеењето на правото и човековите права не се почитуваат, ниту се заштитени во Кина. Сепак, се смета дека таа е добро управувана земја, со функционални и ефикасни процеси на управување кои овозможуваат да се донесат брзи одлуки кога е потребно. И покрај ова, перцепцијата за тоа како се справи со пандемијата не е многу позитивна, ниту перцепциите за тоа колку е сигурна и безбедна како земја.

### *Меѓународни односи*

Репутацијата на Кина во областа на меѓународните односи се оценува како неутрална. Таа се смета за доста влијателна во дипломатските кругови и како земја која фаворизира дипломатски решенија наспроти тензии и конфликт. Нејзината дипломатија се оценува на многу високо ниво, подготвена за остварување на долгорочни цели и доста умешна во ставањето акцент на позитивните аспекти на билатералната соработка. И покрај обидите на Кина да се прикаже себеси како великодушен и кредибилен партнер кој обезбедува помош кога е потребно, на пример за време на КОВИД-19, таа не се смета како земја која премногу им помага на другите, ниту како земја која вложува многу напори за заштита на животната средина.

### *Култура и наследство*

Културата и наследството се областа каде што Кина ужива најпозитивна перцепција. Кина се смета за убава земја која вреди да се посети, кинеската култура се смета за исклучителна, а нејзината историја за многу долга и богата. Сепак, иако модерна Кина се смета за влијателна во светот на уметноста и забавата, перцепцијата за неа е повеќе нијансирана во споредба со традиционалната цивилизација. Современа Кина не се смета за

место со многу атрактивен начин на живот, ниту пак кинеската храна е по сечиј вкус. И покрај двете неодамнешни Олимпијади кои се одржаа во Кина, спортот, исто така, не е област каде што Кина се перцепира како светски лидер.

### *Медиуми и комуникации*

Во однос на медиумите и комуникациите, постои широко распространето разбирање дека кинеските медиуми се под строга државна контрола и се предмет на цензура. Овој недостаток на слобода на говорот и медиумите придонесува за претежно негативна перцепција и го поткопува кредибилитетот на кинеските медиуми во очите на македонските граѓани, честопати доведувајќи ги во дилема дали информациите што пристигнуваат од Кина се доволни и дали можат да се потпрат на нив за да изградат информирано мислење.

### *Образование и наука*

Кога станува збор за образованието и науката, вклучувајќи ја и областа на иновациите и технологијата, Кина ужива прилично позитивна перцепција. Се смета дека е во првите редови на научните достигнувања, дигитализацијата и новите технологии во голем број области (вселенски истражувања, вештачка интелигенција, климатски промени итн.), благодарение како на силниот државен поттик, така и на приватните иницијативи. Сепак, остануваат прашања за тоа како и со каква намера Кина ќе го искористи овој напредок, дали ќе биде со добронамерна цел, со оглед на нејзиното сомнително досие во одредени случаи (пр. препознавање на лица и масовен видео надзор). Покрај тоа, во однос на образованието, постојат сомнежи за достапноста на образованието, кое се смета за привилегија во Кина, при што за голем дел од кинеското население се верува дека е необразовано и сиромашно.

### *Луѓе и вредности*

Кинеското општество главно се смета за традиционално и конзервативно. Ова, од една страна, се смета за позитивно (на пример во однос на семејните вредности, управувањето, патриотизмот итн.), но од друга страна се смета за заостанување (пр. во однос на правата на жените). Кинескиот народ генерално се смета за мирен и пријателски настроен. Нивната напорна работа, професионализам и дисциплина го поткрепуваат економскиот успех и напредок на Кина. Сепак, Кинезите не се сметаат за премногу кредибилни, што би можело да биде поврзано со перцепцијата за нивната репутација во водењето бизнис, со минати примери на сомнителни зделки, измами и лош квалитет на производите.

*Image source: Unsplash. Photo credit: Bird Liang.*



## ВЛИЈАНИЕ: ГРАДЕЊЕ РЕПУТАЦИЈА И ВЛИЈАТЕЛНОСТ ВРЗ СЕЛЕКТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

***Запознатост***

Во најголем дел, процесот на добивање суштински информации за Кина се одвива „по потреба“ – оние кои се заинтересирани за теми поврзани со Кина имаат пристап до задоволителни информации онлајн, но тие претставуваат мало малцинство. Повеќето луѓе не следат внимателно и редовно што се случува во Кина или во однос на Кина и остатокот од светот, а информациите што стигнуваат до нив се чини дека се „случајни“, на социјалните медиуми или повремено во вестите. Исто така, постои свесност, иако ограничена, за можноста дека некои од информациите можеби не се вистинити или целосно точни.

Поголемиот дел од населението добива информации поврзани со Кина или преку македонски или преку западни медиуми, а не преку кинески медиуми. Иако Кинеската амбасада во Скопје се смета за важен извор на информации, постои скептицизам за тоа до кој степен информациите што тие ги изнесуваат (директно или индиректно, на пр. преку домашните медиуми) се вародостојни и не се избрани за да се постигне некој посакуван ефект. Има многу малку јавна дебата за присуството на Кина во земјата, дури и кога има силна основа за тоа – како што е случајот со проектот за изградба на автопат, каде што улогата на Кина не беше соодветно покриена.

Македонските медиуми нудат недоволна количина и квалитет на информациите поврзани со Кина, со оглед на тоа дека повеќето вести се преведуваат и пренесуваат од странски медиуми, а нема многу аналитички содржини кои ги покриваат импликациите од глобалните случувања поврзани со Кина за Северна Македонија. Кога македонските медиуми покриваат теми поврзани со Кина, тие најчесто се сметаат за неутрални и објективни. Сепак, тешко е да се донесат дефинитивни заклучоци, бидејќи ова се случува многу ретко, ретко се базира на истражувачко новинарство, а политичките или чувствителните теми во голема мера отсуствуваат.

***Репутација***

Перцепцијата за угледот на Кина во Северна Македонија е мешана слика која има тенденција да биде попозитивна кај луѓето кои имале директно искуство и интеракција со Кина и кинеските чинители. Сепак, постои консензус дека недостатокот на веродостојни информации и јавна дебата, како и општиот недостаток на интерес за темите поврзани со Кина во земјата го отежнуваат формирањето на издржано мислење. Освен тоа, политичките, економските и другите случувања “на денот” придонесуваат рамнотежата да премине на една или друга страна. На пример, на Кина обично се гледа како на традиционално пријателска земја која не направила ништо за да им наштети на интересите на Северна Македонија. Од друга страна, при избивањето на пандемијата на КОВИД-19, Кина беше гледана во прилично негативно светло.

Иако се очекува и се верува дека Кина вложува напори да се промовира и да изгради позитивна репутација на глобално ниво, ваквите напори во Северна Македонија не се многу видливи и забележливи за пошироката јавност. Вообичаено се верува дека Северна Македонија е премала за да биде од значење за Кина и повеќето активности на Кина не се поврзуваат со целта да се влијае на перцепцијата на јавноста. Поинформираниот дел од јавноста, сепак, препознава дел од алатките за мека моќ што ги користи Кина во Северна Македонија, цитирајќи ги инвестициите, стипендиите и проектите како средство за постигнување влијание.

***Влијателност***

Се верува дека Кина има големо и растечко влијание на глобално ниво, особено во делови од светот надвор од западните развиени земји (пр. во Азија, Африка, Јужна Америка). Тоа се припишува на силата на кинеската економија и нејзиното место во Советот за безбедност на ОН. Иако нејзиното влијание во глобалната економија се смета за претежно позитивно, поради придонесот кон дигитализацијата и технолошкиот развој, влијанието во геополитичките прашања не секогаш се смета за позитивно, со оглед на нејзиниот моментално двосмислен став за војната во Украина, за која се смета дека оди во прилог на Кина.

Влијателноста на Кина во Северна Македонија се смета за многу поограничена, бидејќи земјата не е во сферата на кинескиот геостратешки интерес, туку индиректно зависи од интеракциите на Кина со остатокот од светот. Влијанието е најмногу видливо во областа на економијата и се смета за позитивно. Еден аспект на ова влијание се гледа преку зголемената потрошувачка на кинески производи, што станува неопходност со оглед на долготрајната економска криза во земјата и фактот дека кинеските производи се поевтини од западните производи. Што е уште поважно, Кина се смета за недоволно искористена можност за развој, особено во поглед на трансфер на знаење и технологија. Сепак, некои од најистакнатите договори со Кина, како проектот за изградба на автопат, ја нарушуваат позитивната оценка на Кина во економска смисла. Покрај тоа, иако земјата и понатаму има потреба од странски капитал и тоа може да се смета за влезна точка за Кина, постојат сомнежи дали влијанието има потенцијал за понатамошен раст во иднина, бидејќи Северна Македонија стана членка на НАТО и исто така треба да се усогласи со правилата и стандардите на ЕУ.

Кога станува збор за кинеската култура, иако се смета за многу восхитувачка и ценета во нејасна, апстрактна смисла, таа не е многу позната, ниту влијателна. Ова особено се однесува на модерната култура на Кина и се поврзува со оддалеченоста во географскиот и културниот простор. Западната култура се перцепира како доминантна и преферирана. Дури и Русија и Турција се сметаат за културно повлијателни поради близината и поинтензивното присуство.

*Image source: Official poster for the film.*



# ЗАКЛУЧОЦИ

Последните години одбележаа еволуција во кинескиот концепт на мека моќ, како во научна смисла, така и во смисла на неговите практични, надворешно-политички импликации. Откако претседателот Си Џинпинг ја презеде власта во 2013 година, се чини дека Кина се обидува да го потврди легитимитетот на својот политички модел низ целиот свет и да го претстави како алтернатива на западните либерални демократии. Оваа цел, која не беше експлицитно формулирана до неодамна, може да има нормативни импликации за остатокот од светот во неговите односи со Кина, вклучувајќи ја и Северна Македонија.

Истражувањето воспоставува благо позитивна корелација помеѓу тактиките за проекција на меката моќ, особено долгорочната димензија на градење односи, и подобрувањето на перцепцијата за Кина. Во недостаток на веродостојни и објективни информации обезбедени од домашните медиуми и креаторите на јавното мислење, кинеските извори ја прикажуваат Кина целосно во позитивно светло, минимизирајќи ги и исклучувајќи ги сите негативни елементи кои би можеле да им помогнат на македонските граѓани да создадат информирано и реално мислење. Додека поинформираниот дел од „елитата“ има пристап до поширок спектар на извори, познавање на странски јазик и одредено ниво на медиумска писменост што им овозможува да препознаат фабрикувани и наменски украсени информации, пошироката јавност обично останува со идеализираната верзија на пораките.

Ова овозможува да се создадат асоцијации помеѓу негативните и позитивните аспекти на глобалното издигнување на Кина, претставувајќи ги, на пример, авторитарните модели на управување, цензурата на медиумите или негрижата за животната средина како поповолни или дури неопходни за постигнување економски раст и општествен развој. Ваквите асоцијации не само што можат да ја поткопаат позитивната перцепција на граѓаните за демократското управување, туку и да ја девалвираат важноста за продолжување на реформите во земјата за постигнување целосна демократизација и пазарна економија, особено во услови на застој во процесот на пристапување во ЕУ.

Друг аспект кој во голема мера ја поддржува кинеската проекција на мека моќ е нејзиниот централизиран систем на партија-држава кој овозможува користење на алатки и тактики од страна на различни чинители (државни институции, субнационални власти, универзитети, тинк тенк организации, компании итн.) кои ги промовираат истите наративи. Усогласеноста на напорите на различни нивоа, насочени кон постигнување на истата цел, придонесува за создавање синергија и потенцијално зголемување на стапката на успех. Овој пристап, исто така, ѝ овозможува на Кина да ги надмине границите на својот централизиран пристап, кој во минатото се фокусираше само или првенствено на државните актери, и истовремено да таргетира широк спектар на чинители кои имаат одредено влијание во македонското општество.

Истражувањето, исто така, го потврдува генералниот тренд идентификуван во регионот на Југоисточна Европа, дека главната сила и привлечност на Кина лежи во нејзиниот економски успех. И покрај консензусот дека соработката со Кина досега беше недоволно искористена можност и не донесе конкретни економски придобивки, македонските граѓани сè уште имаат надеж и очекување дека Кина може да и помогне на земјата да ги надмине економските тешкотии. Културата, која има предност во кинескиот концепт на мека моќ, има потенцијал да ја зајакне позитивната перцепција за Кина, но сама по себе таа е далеку недоволна за да ја намали привлечноста на западната култура или да ја одврати земјата од нејзината западна траекторија. Додека традиционалната кинеска култура е предмет на пофалба и восхит, повеќето граѓани немаат никакво детално разбирање или знаење за неа. Модерната кинеска култура исто така останува мистерија, бидејќи не е дел од понудата или побарувачката на пазарот кои се засновани на интересот и привлечноста според потрошувачите.

# РЕФЕРЕНЦИ


[1] Brand Finance (2022) Global Soft Power Index 2022, 34, https://brandirectory.com/softpower

[2] Brand Finance 2022.

[3] Dubow, Ben, Greene, Sam, Rzegocki, Sarajane (2022), Tracking Chinese Online Influence in Central and Eastern Europe, Center for European Policy Analysis, https://cepa.org/comprehensive-reports/tracking-chinese-online-influence-in-central-and-eastern-europe/.

[4] Leonard, Marc, Stead, Catherine, Smewing, Conrad (2022) Public Diplomacy, London: Foreign Policy Center

[5] Glaser, Barney and Anselm Strauss (1967), The discovery of grounded theory: Strategies for qualitative research, New Brunswick: Aldine Transaction, http://www.sxf.uevora.pt/wp-content/uploads/2013/03/Glaser_1967.pdf

[6] Nye, Joseph S. (1990), "Soft power" in Foreign Policy, 80, 1990, 154.

[7] Nye Joseph, S. (2008). "Public diplomacy and soft power" in The annals of the American academy of political and social science, 616(1).

[8] Gallarotti, Giulio M. (2021), "Soft power: what it is, why it's important, and the conditions for its effective use" in Journal of Political Power, 4:2021, 96.

[9] Van Ham, Peter (2014), "Social power in public diplomacy" in Zaharna, R.S., Arsenault, A., and Fisher, A. Eds. Relational, networked and collaborative approaches to public diplomacy, London: Routledge, 31-42.

[10] Nye, Joseph S. (2022), Whatever happened to soft power, Aspistrategist, https://www.aspistrategist.org.au/whatever-happened-to-soft-power/

[11] Nye, 2022.

[12] Nye, 2022.

[13] Lao Zi, Dao De Jing, 2003 ed, translated by Liu, Dianjue, London: Pinguin, 177.

[14] Sun Zi, Art of war, 1993 ed, translated by Sawyer, Ralph, New York: Basic books, 16

[15] Nantulya, Paul (2020), "Strategic Application of the Tao 道 of Soft Power: The Key to Understanding China's Expanding Influence in Africa" in African Review, 47:2, 482, https://brill.com/view/journals/tare/47/2/article-p481_10.xml

[16] Nantulya, 2020, 482.

[17] "Hu urges enhancing 'soft power'of Chinese culture" in China Daily, 15 Oct, 2007, https://www.chinadaily.com.cn/china/2007-10/15/content_6226620.htm

[18] Nantulya, 2020, 483.

[19] Biswas Asit K.and Cecilia Tortajada (2018), "China's soft power is on the rise " in China Daily, 23 Feb. https://www.chinadaily.com.cn/a/201802/23/WS5a8f59a9a3106e7dcc13d7b8.html

[20] Biswas, Tortajada, 2018.

[21] Nantulya, 2020, 493.

[22] Nantulya, 2020, 493.

[23] Ministry of commerce of the PR China (2022), 商务部等27部门关于推进对外文化贸易高质量发展的意见 (Opinions on Promoting the High-quality Development of the Foreign Cultural Trade), http://www.mofcom.gov.cn/article/zwgk/gkzcfb/202207/20220703334843.shtml

[24] Tonchev, Plamen (2020), China's Soft Power in Southeast Europe, Friedrich Ebert Stiftung, Sarajevo, 23, https://library.fes.de/pdf-files/bueros/sarajevo/16005.pdf?fbclid=IwAR-116jp9P6t6SjObLfMUDrfcz0rw71WFxJ1A9cis2lnCc_TJYtfIO8N__9I

[25] Vangeli, 2022, 10.

[26] Vangeli, Anastas (2022), "China in Southeast Europe: A Regional Perspective", in Vangeli, A. (ed), The Role of China in Southeast Europe, Friedrich Ebert Stiftung, Athens, 7, https://library.fes.de/pdf-files/bueros/athen/19416.pdf?fbclid=IwAR3Wrzxwovn-RipMSqkAxW4AaGgVByDOzTDbEmIBiFUWLRfg5yPViCK03Bss.

[27] Embassy of the PRC in North Macedonia (2020), Embassy Spokesperson's Statement on the US Undersecretary of State Krach's Remarks on 5G issues, Oct. 23 https://www.mfa.gov.cn/ce/cemk//eng/sgxw/t1826397.htm

[28] Marusic, Sinisa J. (2020), North Macedonia's 5G Plans Put China's Friendship at Risk, BIRN Investigative Resource Desk, Oct. 27, https://bird.tools/north-macedonias-5g-plans-put-chinas-friendship-at-risk/

[29] Petrusevska, Dragana (2022), "Creative writing or creative politics? North Macedonian publishers increasingly translate Chinese books", in Fakulteti, June 4, https://www.fakulteti.mk/news/04062022/kreativno-pishuvanje-ili-kreativna-politika-kineskata-literatura-se-povekje-se-preveduva-vo-makedonija

[30] Petrusevska, 2022.

[31] "A new television project "Nihao" on TV Telma" (2020), in Vistina, Dec 4, https://vistina.com.mk/nov-televiziski-proekt-nihao-na-tv-telma/

[32] See for instance https://a1on.mk/magazin/huavej-roud-shou-izlozhba-vo-makedonija/ and https://emerging-europe.com/news/huawei-launches-ict-education-programme-in-cee/.

[33] Stojanovska, Suncica (2022), "Learning Chinese – is it exotic, a need or an influence gateway?", in Nezavisen, May 12. https://nezavisen.mk/uchenje-kineski-od-egzotika-preku-potreba-do-porta-za-vlijanie/

[34] Klincarski, Petar (2022), "From economically and politically moderate, to strong presence in the education – China's influence in North Macedonia", in 360 degrees. May 10. https://360stepeni.mk/od-ekonomski-i-politichki-umerena-do-obrazovno-seprisutno-jaka-vlijanieto-na-kina-vo-s-makedonija/

[35] Klincarski, 2020.

## Импресум

**Наслов**
Разбирање на алатките, наративите и влијанието на кинеската
„мека моќ" во Северна Македонија

**Издавачи**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
ЕСТИМА - Здружение за развој на стратегии, истражување, едукација и промоција на меѓународни вредности

**Автор**
д-р Ана Крстиновска

**Координација**
Даниел Браун
Даниела Поповска

**Јазична редакција**
Билјана Ангеловски

**Графичка подготовка**
ИН Дизајн студио

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на**
kas.de/nordmazedonien

Фондацијата Конрад Аденауер не сноси одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторот.

Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Таа не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи.

Растечката амбиција на Кина за зголемување на проекцијата на нејзината мека моќ во странство оди рака под рака со преземањето на различни јавни политики и мерки. Ова истражување има за цел да обезбеди увид во алатките кои Кина ги користи во Северна Македонија, наративите што ги промовира и влијанието коешто нејзините досегашни напори го постигнаа во обликувањето на јавното мислење. За таа цел, истражувањето ги користи трите димензии на јавната дипломатија на Леонард за детално претставување и категоризирање на тактиката и целите, во комбинација со категориите кои се користат во Глобалниот индекс на мека моќ, за истражување на ефектот на наративите и проценка на резултатите од кинеските активности за зајакнување на меката моќ.

Трудот детално ги опишува алатките и тактиките кои Кина ги користи во Северна Македонија за "управување со вести", "испраќање стратешки пораки" и "градење односи". Тој открива благо позитивна корелација во спроведувањето на стратегиите насочени кон воспоставување долгорочни партнерства и позитивното мислење за теми поврзани со Кина. Севкупно, кинеската репутација е претежно позитивна, особено во поглед на нејзината економија, култура, научен и технолошки развој, а негативна во однос на политичкиот систем и државната контрола врз медиумите. Сепак, поради перцепираниот недостаток на информации, особено веродостојни, објективни и аналитички содржини од македонските медиуми, се чини дека е тешко за пошироката јавност да создаде информирано мислење.

Кинеските алатки на мека моќ или не се видливи или не се препознаени и сфатени како такви од македонските граѓани. Кина не се смета дека има некакво значително влијание во земјата, за разлика од остатокот од светот. Кинеската култура, иако инспирира восхит, останува релативно непозната и има мала важност и влијание. Надежта за економски и технолошки придобивки од билатералните односи, кои потенцијално би можеле да го поддржат развојот на Северна Македонија, е она што кои ги тера граѓаните да се свртат кон Кина. Оттука, комбинацијата на кинеската стратегија за мека моќ, специфичните алатки и исклучиво позитивните пораки би можеле да имаат и нормативни и практични импликации.

ISBN 978-608-4648-74-1